ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Субјект:** ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско - емисиона томографија

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година - сметка за средства од Фондот (737)

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни утврдени состојби:**

- непренесено право на трајно користење на градежниот објект;
- неизвршено усогласување на сметководствената и материјалната евиденција;
- неажурно евидентирање на залиха во сметководствената евиденција и
- неажурно евидентирање на обврските.

**Издадено мислење*:**
Изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

**Клучни системски слабости:**

Потребно е доуредување на Законот за јавните набавки во насока на ограничување на продажната маржа и обезбедување услуги за сервисирање и резервни делови по цени кои соодветствуваат со пазарните, со цел да се обезбеди соодветна примена на начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето на јавните средства.
И покрај постоењето законска обврска на Министерството за здравство за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ, истите не се во функција.

**Клучни препораки:**

- по добивање на трајно користење на недвижниот имот, запишување во недвижниот катастар и соодветно евидентирање во деловните книги;
- спроведување на попис кој ќе обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските;
- ажурно и хронолошко евидентирање на трансакциите во деловните книги во моментот на нивното настанување.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување